25

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

Архивски знак: ____________
Рок на чување: ____________ год.
____________ 201__ година
Потпис

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

[redacted]

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно
планирање

Бул."Гоце Делчев" бр.18,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта:
infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

Архивски бр. 15-5911/2

Дата: 23. 11. 2018

ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ
СКОПЈЕ

| Примено: 27. 11. 2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
| 25 | 57/15 | - | - |

Општина Ѓорче Петров
Ул. Ѓорче Петров бр. 73
1000 Скопје
Република Македонија

Предмет: Мислење по Финален Извештај за стратегиска оцена на животната средина
Врска: ваш бр. 25-57/11 од 01.11.2018

Почитувани,

Во врска со Вашето барање на мислење доставено до Министерството за животна средина и просторно планирање-Сектор за просторно планирање под бр. 15-5911/1 од 02.11.2018 год. и по доставениот Финален Извештај за стратегиска оценка на животната средина Урбанистички план за село Ново Село – Општина Ѓорче Петров, а врз основа на спроведена постапка за стратегиска оцена на животната средина, и спроведена постапка учество на јавноста, Министерството за животна средина и просторно планирање нема забелешки и дава позитивно мислење по содржината и обемот на документот.
Во прилог на наведеното, Министерството за животна средина и просторно планирање посочува дека предметниот Извештај за стратегиска оцена на животната средина ги содржи аспектите за заштита на животната средина, како и економските и социјалните прашања во фазите на планирање и имплементирање на планот, како и преглед на регулаторната рамка и процедури кои ќе служат како основа за проценки на влијанијата врз животната средина за сите идни подпроекти кои би се реализирале во рамки на планот.
Согласно наведеното, Министерството смета дека е постигната општата цел на Извештај за стратегиска оцена на животната средина, односно дека е направена целосна анализа на потенцијални влијанија од донесувањето и имплементацијата на урбанистичкиот план кој е предмет на стратегиска оцена, а воедно се утврдени и мерки за заштита, намалување и неутрализација на негативните влијанија и план за мониторинг на животната средина.

Истовремено, се препорачува доследна примена на мерките предвидени во Извештајот за стратегиска оцена на животната средина.

Со почит,

ЗАМЕНИК МИНИСТЕР
м-р Јани Макрадули

Изработил: Милева Тагасовска

Проверил: Сашо Апостолов

Одобрил: Неби Реџепи